| | |
|---|---|
| Врз основа на член 353 ст.1 т.1 од Законот за трговски друштва, а во согласност со чл.34, 44 т.14 и член 70 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје (Компанијата-, Одборот на Директори без одржување на седница на ден 28.04.2025 ја донесе следната: | Based on Article 353 par.1 item 1 from the Trade Companies Law and art.34, 44 item 14 and art.70 of the Statute of Cementarnica Usje AD Skopje (the Company), the Board of Directors without holding a session on 28.04.2025 adopted the following: |
| **ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**<br>За измена на Статутот<br>на Цементарница УСЈЕ АД Скопје | **DRAFT DECISION**<br>On amending the Statute<br>of Cementarnica USJE AD Skopje |
| **Член 1**<br>Заради промена на називот на Компанијата, со ова Одлука се врши измена на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје со број 02-646 од 31.10.2022 година. | **Article 1**<br>Due to the change of the name of the Company, the Statute of Cementarnica USJE AD Skopje no.02-646 dated 31.10.2022 is amended by this Decision. |
| **Член 2**<br>Во дел II ФИРМА И СЕДИШТЕ | **Article 2**<br>In part II. NAME AND REGISTERED SEAT |
| - **Член 2 се менува и гласи:**<br>,, Фирмата на друштвото гласи: ТИТАН УСЈЕ АД Скопје“<br>Скратениот назив на фирмата гласи: ТИТАН УСЈЕ АД Скопје“<br>- **Член 4 се менува и гласи:**<br>„Друштвото има тркалезен печат со следниот текст: ТИТАН УСЈЕ АД Скопје. | - **Article 2 is amended and shall state as follows:**<br>,,The name of the Company shall read: TITAN USJE AD Skopje“<br>,,The abbreviated name of the Company shall read: TITAN USJE AD Skopje"<br>- **Article 4 is amended and shall state as follows:**<br>,,The Company has round seal with the following text: TITAN USJE AD Skopje. |
| Друштвото има штембил со правоаголен облик со следниот текст: ТИТАН УСЈЕ АД Скопје, а после името има простор за број, датум и место.“ | The Company has a stamp in rectangular form with the following text: TITAN USJE AD Skopje, and after the name there is a space left for a Ref. No., date and place. “ |
| **Член 3**<br>По усвојување на промените од член 2 на оваа Одлука, насловот на документот ќе гласи: Статут на ТИТАН УСЈЕ АД Скопје. | **Article 3**<br>After adoption of the amendments stipulated in Article 2 of this Decision, the title of the document shall read: Statute of TITAN USJE AD Skopje. |
| **Член 4**<br>Останатите одредби од Статутот кои не се опфатени со оваа одлука остануваат непроменети. | **Article 4**<br>The remaining provisions from the Statute which are not covered with this decision remain unchanged. |

| Член 5 | Article 5 |
|---|---|
| Се овластуваат надлежните служби да изготват пречисте текст на Статутот во кој ќе бидат вметнати сите измени предвидени со оваа Одлука, како и да извршат корекција на сите технички и печатни грешки во текстот на Статутот.<br>Се овластува Главниот Извршен директор или лице овластено од него, да поднесе пријава за упис на промените направени во Статутот во Централниот регистар на РСМ. | The relevant departments are hereby authorized to prepare a consolidated text of the Statute which shall contain all the amendments implemented by this Decision, as well as to correct all technical and typographical errors in the text of the Statute.<br>The Chief executive director or a person authorized by him, are hereby authorized to submit an application for entry of the amendments of the Statute to the Trade Registry of RNM. |
| **Член 6**<br>Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето. | **Article 6**<br>This Decision comes into force on the day of its adoption. |
| **Член 7**<br>Предлог одлуката за измена на Статутот на Друштвото да се достави до Собранието на акционери заради донесување. | **Article 7**<br>The Draft Decision for a change of the Statute of the Company to be delivered to the Shareholders Assembly for adoption. |
| **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**<br>Поради измена на називот на Друштвото, во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва се предлага измена на Статутот согласно оваа Предлог одлука. | **EXPLANATION**<br>Due to change of the name of the Company, in accordance with the provisions of the Trade Company Law, change of the Statute of the Company is proposed. |
| Д.Н.<br>- *Архива*<br>- *Правна Служба* | To be sent to:<br>- *Archive*<br>- *Legal department* |

**Одбор на директори/Board of Directors**
**Претседател/President**
Марио Брачи / Mario Bracci
_____________________________